Република С. Македонија
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр.22-631/31
18.11.2022 година
Ранковце

Врз основа на член 50 став 3 од Законот за Урбанистичко планирање (Сл.весник на Република Северна Македонија бр.32/2020) ,Градоначалникот на општина Ранковце упатува

**ЈАВЕН ПОВИК**

До граѓаните на општина Ранковце дека се става на повторен јавен увид и проверка Урбанистички план вон населено место со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, КО Гиновци, Општина Ранковце-работна верзија, со тех.број 03-91/22 од ноември 2022 година, изработен од ДГТУ „НИМАЕР“ Благоја ДООЕЛ Струга-д.е. Скопје,со површина на опфат од 5,31 ха.

Учество во јавната презентација и јавната анкета можат да земат сите заинтересирани правни и физички лица од подрачјето опфатено со планот, подрачјата соседни на планскиот опфат, широката јавност, преставници на органите на државната управа, преставници на единиците на локалната самоуправа, стручни лица од невладините организации и други стручни лица од областа што е релевантна за планирањето и за конкретниот опфат.

Границата на планскиот опфат е дефинирана со граници на катастарски парцели и тоа:

- Од североисточна страна по источната страна на КП 2137;
- Од северната страна со КП 925, КП 924 и КП 920/1;
- Од западната страна со КП911/1;
- Од јужната страна граничи со КП 1215/1 и КП 1214.



Плански опфат

## ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА

По Предлог Урбанистички план вон населено место со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, КО Гиновци, Општина Ранковце-предлог план, со тех.број 03-91/22 од ноември 2022 година, изработен од ДГТУ „НИМАЕР" Благоја ДООЕЛ Струга-д.е. Скопје, ќе се одржи на ден 14.12.2022 година во 12 часот во просториите на општина Ранковце.

## ЈАВНА АНКЕТА

По Предлог Урбанистички план вон населено место со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, КО Гиновци, Општина Ранковце, со тех.број 03-91/22 од ноември 2022 година, изработен од ДГТУ „НИМАЕР" Благоја ДООЕЛ Струга-д.е. Скопје, ќе се спроведе во периодот од 05.12.2022 година до 20.12.2022 година, во кој рок учесниците во јавната анкета можат своите забелешки и предлози по предлог планот да ги достават во писмена форма преку анкетни листови секој работен ден од $7^{30}$ до $15^{30}$часот,преку информацискиот систем е-урбанизам,како и по електронски пат до веб страната на општина Ранковце.

Графичкиот прилог од Предлог Урбанистички план вон населено место со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани поставени на земјиште, КО Гиновци, Општина Ранковце, ќе биде изложен на огласна табла во зградата на општина Ранковце, во населеното место Гиновци на продавница „Мива Градба", на веб страната на општината **www.rankovce.gov.mk**, а подетални информации во врска со урбанистичкиот план ќе можат да се добијат во Одделението за урбанизам, комунални работи заштита на животната средина, лер и јавни дејности при општина Ранковце.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ * РАНКОВЦЕ *

Општина Ранковце
Градоначалник
**Борче Спасовски**

BORCHE SPASOVSKI

Digitally signed by BORCHE SPASOVSKI
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=166537, title=GRADONACALNIK, sn=SPASOVSKI, givenName=BORCHE, cn=BORCHE SPASOVSKI
Date: 2022.11.18 09:05:34 +01'00'